О П Ш Т И Н А Ц Е Н Т А Р Ж У П А

Предлагач: Градоначалник на општина Центар Жупа

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА

Центар Жупа, октомври 2023 година

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ ВО
ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА

Вовед

Согласно степенот на реализација на одредени инвестициони активности предвидени во Планот на Програми за развој за периодот 2023- 2025 и насоките на општината за преземање на активности од развоен карактер, согласно Стратегијата за рурален развој на општина Центар Жупа и согласно буџетските средства, во наредниот тригодишен период 2023-2025 година, општина Центар Жупа ќе се фокусира на следните предложени активности од развоен карактер, кои ќе се реализираат преку соодветни Програми.

Целта на ваквото програмирање е создавање на предуслови за задоволување на потребите и услугите на граѓаните, подобрување на квалитетот на живот и заштита на животната средина.

Тригодишниот Планот на програми за развој за 2024-2026 година ќе се состои од капитални инвестиции во областите: изградба на објекти за водоснабдување, пречиситителни станици, канализација, за реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици, изработка на урбанистички планови и други мерки и активности согласно потребите.

Планот на програмите за развој на општина Центар Жупа е за период од 2024-2026 година содржи временска рамка за реализација на капиталните инвестиции, финансиска конструкција, извори на финансирање и контрола над примена на планот.

За еден дел од програмираните капитални инвестиции постои техничка документација, која треба да се комплетира во се според новите закони и подзаконски акти и нормативи.

Капиталните инвестиции се по следните области:

1. Изградба и опремување на објекти
2. . Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици.
3. Водоснабдување
4. Канализација
5. Изработка на урбанистички планови и др.
6. управување со отпад

Во рамките на капиталните инвестиции за изградба, реконструкција и опремување на објекти планирани се следните активности

1. Опремување на спортската сала со реквизити. Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општината и од училиштата во вредност од 600.000,00 денари.
Временска рамка 2024 година.
2. Реконструкција на спортското игралиште во с.Броштица. Средствата ќе бидат обезбедени од Агенција за млади и спорт или Буџетот на Општина Центар Жупа .
Временска рамка 2024-2025 година
3. Реконструкција на училишното игралиште во с.Елевци .Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Центар Жупа и буџетот на училиштата.

Во рамките на капиталните инвестиции за изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици планирано е следното:

1. Изградба и реконструкција на селски улици во населено место Броштица во должина од 2 км од влезот на селото до место викано Белавода . Финансиските средства ќе се обезбедат од Министерство за транспорт и врски во вредност од 220. 000 евра(остаток од средства што ги има добиено општината од МТВ)
Временска рамка за реализација 2024-2025 година .

2. Реконструкција и рехабилитација на улици во Центарот на општината Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината.

3. Изработка на техничка документација за патни правци во населените места Оџовци , Праленик и Долгаш. Потребните средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на општината.

4. Реконструкција на патен правец Мап папрадник - Голем Папрадник преку скендеровци . Финансиски средства обезбедени од Југозападен плански регион во износ од 7.000.000,00 денари.
Временска рамка за реализација -2024- 2025година.

5. Префрлените средстава од ЈП за државни патишта во висина од 1.631.657 денари ќе се користат за зимско одржување, тековно одржување и рехабилитација на локалните патишта и улици. Овие активности ќе се реализираат во текот на 2024 година.

6. Поставување на бекатон – плочи по селски улици во селски населби од општина Центар Жупа, во соработка со жителите од општината ,на простор околу 2000 квадратни метри. Средствата во износ од 1.000.000,00 денари без ДДВ ќе се обезбедаат од буџетот на општината. Овие активности ќе се реализираат во 2024 година.

7. Поставување на тротоари од Центарот во општината до с.Баланци . Целта е

зголемување на безбедноста на жителите кои редовно ги користат овие правци , особено за безбедност на децата. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината. . Овие активности ќе се реализираат во текот на 2024 – 2025 година.

8. Поставување на улично осветлување од с.Баланци до место викано Пашини кории. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината. . Овие активности ќе се реализираат во текот на 2024 -2025 година.
9. Отварање на пристапен пат до бачилата. Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Центар Жупа. Овие активности ќе се реализираат во текот на 2024 -2025 година.

Целта на горенаведените активности е подобрување на инфраструктурата, а во функција на подобрување на условите за живеење на населението и транспорт на стока и патници.

Во рамките на капиталните инвестиции за реконструкција и изградба на системи за водоснабдување планирано е следното:

1. Истражување и испитување на нови зафати за дополнителни количини на вода за пиење. Средствата за овие активности ќе бидаат обезбедени од Фондови за водоснабдување.
Временски перид за реализација 2024-2026 година.

2. Изградба на филтер станица над село Житинени - крак лучишта . Средства ќе бидат обезбедени од министерство за животна средина во вредност од 520.000 денари
Временската рамка на изведување 2024 – 2025 година.

Во рамките на капиталните инвестиции за изградба на фекална канализација планирано е следното:

1. Изработка на техничка документација за прочестителна станица во општина Центар Жупа. Потребни средства за изработување на техничката документација за прочистителна станица ќе бидат обезбедени од Министерство за животна средина и буџетот на општина Центар Жупа во висина од 700.000,00 денари.
Временската рамка на изведување 2024 – 2025 година

Со реализирање на горенаведените активности ќе се заштити и унапреди животната средина, природата и подобрување на екосистемите во предложените селски населби кои се директни корисници од реализирањето на инвестициите, така и во целата општина индирекно. Овие активности преку правилното

управување со фекалните води ќе води кон создавање на предуслови за подобрување на квалитетот на животот на населението и исполнување на двата приоритети од Стратегијата за заштита на животната средина.

Во рамките на капиталните инвестиции за изработка на урбанистичка планска документација

1. Изработка на урбанистичка планска документација за населно место во село на површина од 200 хектари во општина Центра Жупа. Средствата за изработка на урбанистичка планаска документација за 200 хектари во општина Центар Жупа ќе бидат обезбедени од југозападниот регион во висина од 500.000,00 денари.
Временски период за имплементација 2024 - 2026 година.

Со имплементација на активноста ќе се заштити и унапреди просторот за живеење на населението, ќе се намалаат диво и бесправно изградените објекти, а со тоа и нарушувањето на просторот со дивото градење на објекти во населените места во општината. Населените е места ќе добијат урбан лик,

УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Управувањето со отпадот е еден од најголемите предизвици на модерното живеење, а воедно и еден од најочигледните знаци за грижата на заедницата кон животната средина, па оттаму за водење на политиките во областа на управување со отпадот, целта на општината е да ја постави основата за добар, ефикасен, одржлив и модерен систем за управување со отпадот, со кој ќе се остави минимален отпечаток на животната средина. Во 2024 година е предвидено да се започне со организирано собирање на отпад во селата Новак, Коџаџик, Праленик и Долгаш, со можност на отварање на нова депонија во селата.

Имплементацијата на активностите од Планот на Програмите за развој ќе биде под контрола на надлежниот орган на Општината Центар Жупа.

Динамика на изведување на активностите ќе биде согласно динамиката на обезбедувањето на потребните финансиски средства како од Буџетот на општината така и од соодветните министерства на Република Македонија, државни фондови, ИПА програми, Бирото за регионален развој и Југозападниот плански регион и донации.

Предложениот План на Програми за развој ќе подлежи на годишна ревизија, согласно степенот на реализација на пооделните инвестициони активности.

Градоначалник
М-р Аријан Ибраим